

ИЗДАНИЕ БР.47,
МЕСЕЦ МАЈ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА ИНИЦИЈАТИВА НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ МОЈ ОПШТИНАР ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ЖИТЕЛИ ОД СЕЛАТА РЕСАВА И ДАБНИШТЕ, ГО ЧИСТЕА ДАБНИШКИ КАНАЛ ОД КОЈ СЕ НАВОДНУВААТ НИВИТЕ ВО ДАБНИШКИОТ И РЕСАВСКИОТ АТАР.
ЦЕЛТА НА ОВАА АКЦИЈА Е СПРЕМНО ДА СЕ ДОЧЕКА НОВАТА НАВОДНУВАЧКА СЕЗОНА, ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ КУЛТУРИ ДА МОЖАТ ДА СЕ НАВОДНУВААТ ВО ТЕКОТ НА ТОПЛИТЕ ДЕНОВИ, КОГА ВОДАТА ЌЕ БИДЕ НЕОПХОДНА ЗА НИВНИОТ РАСТ И РАЗВОЈ.





СЕ ЗАПОЧНА СО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ПО ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА.
СЕ ОБЕЛЕЖУВААТ ЗАПАДЕН БУЛЕВАР И УЛ.ВИШЕШНИЦА.

ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ГРАДСКИ ПАРК, КОЕ Е ДОПОЛНЕТО И СО МИНИ ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ. ИСТОТО СЕ БЕТОНИРАШЕ, ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА КОЈА Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА, СЕ МОНТИРАА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, ОГРАДИ И НОВА УРБАНА ОПРЕМА ЗА НАЈМЛАДИТЕ!

ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА БЕТОН М И М





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ И ФАРБАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВУВААТ НА УЛИЦИТЕ ИГМАН, БРАЌА ХАЏИ ТЕФОВИ И ЦАНО ПОП РИСТОВ.



ЗАПОЧНА ИЗВЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ЗА КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ВКУПНАТА ПОВРШИНА КОЈА Е ОПФАТЕНА СО ОВОЈ ДОГОВОР Е 2.450М2. ДЕНОВИВЕ СЕ КРПЕА УДАРНИТЕ ДУПКИ И ПРОКОПИ НА УЛ. МЕТОДИЈА ЏУНОВ ЏИКОТ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ, А ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 2 955 133 ДЕНАРИ.



ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.КИРО СПАНЏОВ. ЌЕ СЕ ВРШИ ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф400. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е 2 МИЛИОНИ ДЕНАРИ И Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СО ЦЕЛ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ, СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕВЗЕМААТ СООДВЕТНИ МЕРКИ. СЕ ПОСТАВУВААТ ПЛАСТИЧНИ СТОЛБЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ , НА ВЕЌЕ ОБЕЛЕЖАНИ ПОВРШИНИ.



ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.

ОБНОВУВАЊЕ НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРК НА РЕВОЛУЦИЈАТА!
СЕ РАБОТЕШЕ НА БЕТОНИРАЊЕ НА ИГРАЛИШТЕТО ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И ЌЕ СЕ МОНТИРААТ НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РАБОТИ НА ОБНОВУВАЊЕ НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРК ПОЛАНА, КАДЕ ИСТОТО ЌЕ СЕ БЕТОНИРА, ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ.







СЕЛО ВОЗАРЦИ ДОБИВА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ!
НА 150 М2 СЕ БЕТОНИРАШЕ ИГРАЛИШТЕТО, ПО ШТО СЛЕДУВА ПОСТАВУВАЊЕ НА ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, И СЕКАКО ОГРАДУВАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ ДООЕЛ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ НА ЗГРАДИ НА БУЛЕВАР „НИКОЛА МИНЧЕВ" НА ПОВРШИНА ОД 600М2 ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ И ФАРБАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВУВААТ МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА И ВО С.ВОЗАРЦИ.






КАВАДАРЦИ Е ПРВА ОПШТИНА ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН КОЈА ВОСПОСТАВУВА ОРГАНИЗИРАН СИСТЕМ ЗА СОБИРАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ И ЕЛЕКТРИЧЕН ОТПАД. ЗА ТАА ЦЕЛ СЕ ПОСТАВИЈА КОНТЕЈНЕРИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ И ЕЛЕКТРИЧЕН ОТПАД ВО СОРАБОТКА И ПАРТНЕРСТВО СО „НУЛА ОТПАД“. КОНТЕЈНЕРИТЕ СЕ ПОСТАВЕНИ НА 5 ЛОКАЦИИ НИЗ ОПШТИНАТА И ТОА:

- ПЛОШТАД МАРШАЛ ТИТО (ДО ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ)
- БУЛ. НИКОЛА МИНЧЕВ (КАЈ МАРКЕТ ДИЈАНА)
- УЛ. ИЛИНДЕНСКА ББ (СТАР КРУЖЕН ТЕК)
- УЛ. СТРАШО ПИНЏУР (ВТОР ТРИЈАГОЛНИК)
- УЛ. СТРАШО ПИНЏУР СПОЈ СО УЛ. 4 ТИ МАЈ (ВАТАША).

НА САМИТЕ КОНТЕЈНЕРИ ИМА УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИСТИТЕ КАКО И КОИ ВИДОВИ НА ЕЛЕКТРИЧЕН И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД И БАТЕРИИ МОЖЕ ДА СЕ ДЕПОНИРААТ ВО НИВ.

СО ОВА СЕ ПРАВИ ЗНАЧАЕН ИСЧЕКОР НА ОДРЖЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОВА ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОПАСНИОТ ОТПАД НА УЛИЦИТЕ, ДИВИТЕ ДЕПОНИИ КОИ СЕ СОЗДАВААТ ПОКРАЈ КОНТЕЈНЕРИТЕ И ЌЕ ВЛИЈАЕ НА ПОДИГАЊЕТО НА ЈАВНАТА СВЕСТ. СО ОВА ЗАЕДНИЧКИ ПРИДОНЕСУВАМЕ ДА СЕ НАМАЛИ ВЛИЈАНИЕТО НА ОВОЈ РАСТЕЧКИ ПРОБЛЕМ , НО И ДА ПРОДОЛЖИ ЗАЕДНИЧКАТА ГРИЖА ЗА ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ Е КОМПЛЕТНО ЗАВРШЕНО И ПУШТЕНО ВО ФУНКЦИЈА, А СЕ ПОСТАВУВАШЕ И ДЕКОРАТИВЕН БЛОК ЖАРДИНЕРИИ ОКОЛУ ИСТОТО!
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ ДООЕЛ.





ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА МАКСИМ ГОРКИ, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА"
НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ И УЛИЦИТЕ "СЛОГА" „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" И „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" ВО ТРЕТА ФАЗА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО КОНТИНУИТЕТ РАБОТИ НА САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА.
ИЗМИНАТИТЕ НЕКОЛКУ ДЕНОВИ СЕ РАБОТЕШЕ НА САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА ВО АТАРОТ НА ОВЧКА РЕКА. ПРОДОЛЖУВАМЕ ПОНАТАМУ И ВО СМИЛИЦА, ГЛИШИЌ, МАРЕНА И СОПОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ ВРШИ САНИРАЊЕ, ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО САНАЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА САНИРАНИ СЕ ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА ВО АТАРОТ НА ОВЧКА РЕКА. ПРОДОЛЖУВАМЕ ПОНАТАМУ И ВО СМИЛИЦА, ГЛИШИЌ, МАРЕНА И СОПОТ.

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ВО СКЛОП НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ, ЗНАЧИТЕЛЕН ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. СОГЛАСНО ДИНАМИКАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ, ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ ТРЕБА ДА БИДЕ ГОТОВ ВО НАРЕДНИТЕ 6 МЕСЕЦИ

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЈП ПАРКИНГ ПРОДОЛЖУВА СО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА ПАТНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА.
ПО БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ГЛИШИЌ, СЕ ПРОДОЛЖУВА СО РАБОТА НА САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО АТАРОТ НА ГЛИШИЌ.



ПО БАРАЊЕ НА ЦРКОВНИОТ ОДБОР ОД МАНАСТИРОТ „СВ. СПАС" ВО МЕСНОСТА ЉУБАШ, СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ СО БУЛДОЖЕР ГО РАСЧИСТИЈА ПРИСТАПНИОТ ПАТ ДО МАНАСТИРОТ ЗА ПРЕТСТОЈНИОТ ВЕРСКИ ПРАЗНИК ВО ЧЕТВРТОК.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ




ВО СЕЛО МАРЕНА ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 300М ВО СКЛОП НА ПРВАТА ДЕЛНИЦА, ДОДЕКА ВО ВТОРАТА ДЕЛНИЦА СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500М, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500М И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 330 МЕТРИ.
СО ОВИЕ ДВЕ ДЕЛНИЦИ ЌЕ БИДЕ РЕШЕН ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА ГРАЃАНИТЕ.
ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ



БЕТОНИРАНО Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРК ПОЛАНА, А СЕ МОНТИРАА НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИ, ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОСТАВУВА И НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ ДООЕЛ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА.
ПО БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ГЛИШИЌ, СЕ РАБОТИ НА САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ГЛИШИЌ И ВО АТАРОТ НА МЕСТОТО ВИКАНО СМИЛИЦА.





СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ КАНАЛИЗАЦИОНАТА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 110М ЗА ОБЈЕКТОТ НА ЦРВЕН КРСТ КОЈ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ-ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

СЕ ВРШИ ИСКОП ЗА ВОДА ЗА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕТО ВО ГЛИШИЌ КОЕ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА И ЗА КРАТКО ВРЕМЕ ЌЕ БИДЕ ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ОПФАЌАШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ, ДРЕНАЖА И НОВА ТРЕВА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА! ОТКАКО СЕ БЕТОНИРАШЕ НА 150М2 ПОВРШИНА, СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, ПО ШТО СЛЕДУВА ПОСТАВУВЊЕ НА ГУМЕНА ПОДЛОГА И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ.



ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА БУЛ.МОША ПИЈАДЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ СО Д 1200 ММ. ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА КФВ БАНКА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.






ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ПОСТАВИ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, СЕ БЕТОНИРАШЕ КРАК НА ПОВРШИНА ОД 170М2 ОД УЛ. ЛАЗО АСИЈАТА И МЕТОДИЈА ЏУНОВ ЏИКОТ.
ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ДЕЛ ОД ОД ПРОГРАМАТА ЗА 2022 ГОДИНА

ТРАДИЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА.

УЧЕНИЦИТЕ ОД ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРОДОЛЖУВААТ СО НАДГРАДУВАЊЕ НА СВОИТЕ ЗНАЕЊА ОД ЕКОЛОГИЈАТА. ПО ОДРЖАНИТЕ ОДДЕЛЕНСКИ И УЧИЛИШНИ ЕКО КВИЗОВИ И ОДРЕДУВАЊАТА НА ПОБЕДНИЧКИТЕ ТИМОВИ ОД СЕКОЕ УЧИЛИШТЕ БИТКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ ПРОДОЛЖУВА.




НА 25 МАЈ СО ПОЧЕТОК ОД 11 ЧАСОТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ, СЕ ОДРЖА ОПШТИНСКИ КВИЗ ЗА ЕКОЛОГИЈАТА ПОМЕЃУ ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

КВИЗОТ ОД 2014 ГОДИНА ТРАДИЦИОНАЛНО СЕ ОРГАНИЗИРА ВО СОПАРТНЕРСТВО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ АД И ЕД ТИСОВЕЦ, И Е НАМЕНЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД 5-ТО ОДДЕЛЕНИЕ ОД СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО КАВАДАРЦИ.ВО НАСОКА Е КОН ПРЕВЗЕМАЊЕ НА АКТИВНОСТИ, СО ЦЕЛ ЗАЈАКНУВАЊЕ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ КАКО И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НЕЈЗИНА ОДРЖЛИВОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО, ПРЕКУ АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СИТЕ ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА „ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ"



.ВЕТЕНО РЕАЛИЗИРАНО!

ПРОЕКТОТ „ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" ОД 02.05.2023 ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАВАДАРЦИ!

ОФИЦИЈАЛНО ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ "ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, И Е НАМЕНЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ. ПРОЕКТОТ ЌЕ ТРАЕ ДО КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА И ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА СОГЛАСНО ПРЕТХОДНО РЕГУЛИРАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ





# НАСТАНИ

КАВАДАРЦИ БЕШЕ ДОМАЌИН НА РЕГИОНАЛЕН НАСТАН ЗА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ФОНДАЦИЈАТА „ЧЕКОР ПО ЧЕКОР“ ГО ОБРАЗЛОЖИ ПРОЕКТОТ „БИДИ ИН, БИДИ ИНКЛУЗИВЕН БИДИ ИНКЛУДИРАН“ ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА“.

РЕГИОНАЛНИТЕ НАСТАНИ ОД ОВОЈ ТИП ИМААТ ЗА ЦЕЛ ДА ГО ПРОМОВИРААТ ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ДА ЈА ОЛЕСНАТ КОМУНИКАЦИЈАТА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ПРЕКУ ГРАДЕЊЕ НА МОСТОВИ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ПРОЕКТИТЕ, ИНСТИТУЦИИТЕ, ИНИЦИЈАТИВИТЕ И ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ СО ЦЕЛ ДА СЕ СОЗДАДЕ ПЛАТФОРМА ЗА РАЗМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ И ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ НАСОКИ ЗА СУШТИНСКА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО СИТЕ ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ТЕКОВИ.



ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ ГИМНАСТИЧКО-МОТОРИЧКИ ПАРК КОЈ СЕ НАОЃА ВО ГРАДСКИ ПАРК КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДЕНЕС ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИ ОД СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ПРИДРУЖУВАНИ ОД НИВНИТЕ НАСТАВНИЦИ ПО ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ИМАШЕ ЗАЕДНИЧКА ДРУЖБА КОЈА БЕШЕ ЗБОГАТЕНА СО МУЗИКА И ОСВЕЖИТЕЛНИ НАПИТОЦИ.
ЗАТОА ШТО ДЕТСКАТА НАСМЕВКА Е НЕПРОЦЕНЛИВА








# НАСТАНИ

ЧЛЕНОВИТЕ НА ДПД ИЗВРШИЈА ОБУКА ЗА РАБОТА НА ВИСИНА ОДНОСНО УЧЕЊЕ НА ВРЗУВАЊЕ НА ЈАЗЛИ И НАЧИН НА ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ПОВРЕДЕНИ ПРИ ПАД ОД ВИСИНА. ОВА Е САМО ПРВА ОБУКА И ВЕЖБА НА ОВАА ТЕМА. ОБУКАТА ЈА ИЗВРШУВААТ ЛИЦЕНЦИРАНИ ИНСТРУКТОРИ ОД ПЛАНИНАРСКОТО СПОРТСКО ДРУШТВО ОРЛЕ ОД КАВАДАРЦИ.
ДПД ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ И ПСД ОРЛЕ ПРОДОЛЖУВА СО ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБИ ОД СПАСУВАЧКИ КАРАКТЕР.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕКОГАШ ДАВА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ КОИ ИМААТ ЗА ЦЕЛ ОДРЖУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА.
ЦЕЛ НА АКЦИЈАТА ГЕНЕРАЛКА Е СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАД, ВО ОВАА АКЦИЈА НАШАТА ОПШТИНА УЧЕСТВУВА ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД. ОВАА ГОДИНА АКЦИЈАТА БЕШЕ СПРОВЕДЕНА НА ВЕЛОСИПЕДСКО- ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ДО МОКЛИШТЕ И ОКОЛУ СПОМЕНИКОТ 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ. УЧЕСНИЦИ ВО АКЦИЈАТА СЕ ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНИТЕ И ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА.








ПО ЗАВРШНИОТ НАСТАН НА ПРОЕКТОТ „СТРУКТУРЕН ДИЈАЛОГ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА ПРЕКУ РАЗМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ“ ОРГАНИЗИРАН ОД БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ ДОМАЌИН НА ДИРЕКТОРИ И БИБЛИОТЕКАРИ ОД 20 ЈАВНИ БИБЛИОТЕКИ ОД МАКЕДОНИЈА КАКО И РАКОВОДИТЕЛОТ НА СЕКТОРОТ ЗА БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА БИБЛИОТЕКАРСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА.

# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВМРО -ДПМНЕ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ КОЈ БЕШЕ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ИЗВРШИЈА УВИД ВО ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ТРИ ОБЈЕКТИ КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗГРАДБА. СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРОБИВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ 25 МАЈ И ДОМОВИЦА, КАДЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА И ЛАЗО АСИЈАТА, ИНАКУ НОВОПРОБИЕНА УЛИЦА НА ПОВРШИНА ОД 4800М2, НА КОЈА БЕА ПОСТАВЕНИ ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, ВОДОВОДНА МРЕЖА, ОСВЕТЛУВАЊЕ А ДЕНОВИВЕ ИСТАТА СЕ АСФАЛТИРА.





СЕ ОДРЖА ФОРУМ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ - ЛЕСС, ЗА ГЕНЕРИРАЊЕ НА ИДЕИ И ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИ ЗА РАБОТА НА ЛЕСС КОИ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ. КАКО ПРИСУТНИ ГОСТИ, ПОКРАЈ ЧЛЕНОВИТЕ, НА ФОРУМОТ УЧЕСТВУВАА И ПРЕСТАВНИЦИ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, ОД ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ, ОД ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ОВР КАВАДАРЦИ, ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОВЕТНИЦИ ПРИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





НА НАШЕ ГОЛЕМО ЗАДОВОЛСТВО, ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ПОРАНЕШНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ Г-ДИН ЃОРГЕ ИВАНОВ, ПОРАНЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕГОВИОТ СИН ИВАН.
ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕА ВО ПОСЕТА НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ, КАДЕ ШТО ИМ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНО ФУНКЦОНИРАЊЕТО НА МУЗЕЈОТ И СЕКАКО ПОПУЛАРНОСТА И ПОСЕТЕНОСТА КОЈА ЈА ИМА ВО ПОСЛЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ.
ОСВЕН ОВА ЗАЕДНО ГИ ПОСЕТИЈА И ОСТАНАТИТЕ ЗНАМЕНИТОСТИ КОИ СЕ БЕЛЕГ НА НАШЕТО УБАВО КАВАДАРЦИ!

ДАНКА СТОЈКОВА - МЕДИТЕРАНСКИ ШАМПИОН

ОД 19 ДО 21 МАЈ ВО ТУНИС СЕ ОДЖА МЕДИТЕРАНСКО ПРВЕНСТВО НА КОЕ КАКО ЧЛЕН НА МАКЕДОНСКАТА КАРАТЕ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НАСТАПИ ДАНКА СТОЈКОВА ОД КК САНСАИ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ. ТАА УСПЕА ДА ГИ ПОБЕДИ СИТЕ ПРОТИВНИЧКИ И ДА СЕ ЗАКИТИ СО ЗЛАТЕН МЕДАЛ И СТАНА МЕДИТЕРАНСКИ ШАМПИОН.

ТАА НАСТАПИ ВО КАТЕГОРИЈАТА КАТИ ЈУНИОРКИ.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА СО РАКОВОДСТВОТО И РАКОМЕТАРИТЕ НА ГРК ТИКВЕШ 2014 КАВАДАРЦИ.

ТОЈ ИМ ЧЕСТИТА И ГО ИЗРАЗИ НЕГОВОТО ЗАДОВОЛСТВО А И ГОРДОСТ, ЗА ВЛЕЗОТ ВО ЕВРОПСКИТЕ ЛИГИ, ОДНОСНО ЕВРОПСКИОТ КУП, БИДЕЈЌИ УСПЕЕЈА САМО ОД СЕРИОЗЕН КАНДИДАТ ДА СЕ ПЛАСИРААТ ДИРЕКТНО ВО ЕВРОПА. ОВА Е ДОКАЗ ДЕКА КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД, ОВОЈ КЛУБ ЗАСЛУЖУВА И СИТЕ НАСТОЈУВАЊА ЌЕ БИДАТ И ВО ИДНИНА ДА СЕ НАТПРЕВАРУВА ВО НАЈВИСОКАТА РАКОМЕТНА ЛИГА КАКО И ЕВРОПСКИТЕ ЛИГИ.

ТИЕ МУ СЕ ЗАБЛАГОДАРИЈА ЗА БЕЗРЕЗЕРВНАТА ПОДДРШКА КОЈА ТОЈ ЈА ДАВА КАКО ЧОВЕК И ГРАДОНАЧАЛНИК, А И СЕКАКО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОЈА ПРЕКУ РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗНАЧИТЕЛНО ГИ ПОДОБРИ УСЛОВИТЕ ЗА МЛАДИТЕ И СПОРТОТ ВО КАВАДАРЦИ.

ВО ИМЕ НА ТОА МУ ЈА ПОДАРИЈА И РАКОМЕТНАТА ТОПКА СО КОЈА ГО ОДИГРАА ПОСЛЕДНИОТ НАТПРЕВАР СО РК ВАРДАР И ОСВОИЈА БОД СО КОЈ ГО ОСТВАРИЈА ОВОЈ ИСТОРИСКИ УСПЕХ.






ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ И С.О.У „ЌИРО СПАНЏОВ БРКО" ОФИЦИЈАЛНО ГИ ПУШТИЈА ВО УПОТРЕБА ХУМАНИТАРНИОТ И ЕКОЛОШКИОТ ПАРКИНГ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.
ПО ИЗГЛАСАНАТА ОДЛУКА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СЕ ВОВЕДУВААТ ОВИЕ ЧЕТИРИ ПАРКИНГ МЕСТА, А СОБРАНИТЕ СРЕДСТВА ОД НАПЛАТАТА НА ПАРКИНГ ЌЕ СЕ ДОНИРААТ ОНАМУ КАДЕ ШТО ТОА ЌЕ БИДЕ НАЈПОТРЕБНО.



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**